# ОВА Е PRISMAprepare Go

## ВАШИОТ ВИРТУЕЛЕН ПОМОШНИК ЗА ПОДГОТОВКА ПРЕД ПЕЧАТЕЊЕТО

Потребите на корисниците се променливи. Огромен обем на различни задачи, со пократки серии за печатење и нивна испорака со пократки рокови.

Вие сте мала компанија за печатење, јасно ви е како стојат работите. Трошите сѐ повеќе време за подготовка на задачите за печатење. Рачно ги проверувате датотеките со податоци за задачите. Евидентирате и примате нови нарачки - а дури и повторно извршувате некои задачи. Вршите конечна проверка пред печатењето. Ви останува многу малку време за да придобиете нови корисници, да управувате со деловниот однос со постоечките корисници и да го искористите вашето знаење и искуство за да ја зголемите вредноста на услугите што ги нудите.

Знаете дека постои подобар начин. Иднината е во подготовката на датотеки и испраќањето задачи преку Cloud. Проблемот е во тоа што мислите дека автоматизацијата е сложена и скапа - во време и пари - и дека не е за вас. Барем не сѐ уште.

### Размислете повторно.

Запознајте се со PRISMAprepare Go - виртуелниот помошник за подготовка пред печатењето што им овозможува на малите компании за печатење да ја завршат дигиталната транзиција на брз и едноставен начин. Без трошоци однапред, без потреба од ИТ-генијалци за да го раководат и без потреба од тековно одржување.

**Примете. Подгответе. Пратете.**

**Дали има нешто поедноставно?**



PRISMA prepare Go

PRISMA

Canon



# НЕ ЧЕКАЈТЕ ДА СЕ АВТОМАТИЗИРАТЕ

**PRISMAprepare Go** е практично, ефикасно, безбедно и достапно решение за подготовка пред печатењето и испраќање задачи преку Cloud наменето за мали компании и компании за комерцијално печатење.

Од испраќање задачи до обработка и печатење, PRISMAprepare Go ќе ја подобри вашата понуда за корисниците со одлично структурирана и професионална услуга која е лесна за конфигурирање и користење, но и многу ефикасна во однос на трошоците.

Пристапете далечински до PRISMAprepare Go од повеќе уреди преку PRISMA Home - сигурен, заштитен и безбеден центар за сите апликации и алатки на PRISMA основани врз Cloud.

Бидејќи PRISMAprepare Go е софтвер од типот SaaS (софтвер како услуга), ќе ви треба минимална и основна обука пред да го пуштите во употреба вашиот сопствен портал за интеграција на нов персонал - потребни се неколку часови, а не денови или недели.

Со PRISMAprepare Go треба да направите само три едноставни чекори за брзо да дојдете во ситуација каде што и вие и вашите корисници ќе бидат победници. Примете, подгответе, извршете.

**Не чекајте да се автоматизирате!**

За да дознаете повеќе за **PRISMAprepare Go** и работниот процес за печатење и испраќање задачи преку Cloud, одете на **www.canon-europe.com/prismapreparego**

## Примете

PRISMAprepare Go им овозможува на вашите корисници да работат со вас на полесен начин. Тие можат во секое време и на секое место да ви испраќаат задачи со повлекување и спуштање една или повеќе PDF-датотеки, а притоа да додаваат коментари или специјални барања. Или, пак, вашите оператори ќе можат директно да им ги испраќаат задачите на корисниците. Штом почнете со печатење, со само едно кликнување може да добиете извештаи за напредокот во реално време.

На вашата страна, задачите се додаваат во нов и едноставен работен процес за подготовка пред печатењето со PRISMAprepare Go - практичен и организиран начин за примање и подготовка задачи за печатење. Вградената и автоматизирана конечна проверка пред печатењето ќе ве извести за сите елементи што недостасуваат, како големина на страница, фонтови или резолуција на слика.

## Подгответе

PRISMAprepare Go им овозможува на вашите оператори лесно да избираат кои апликации, алатки и печатачи ќе ги користат. Создавајте различни производи - документи со хефталки и/или продупчени отвори, преклопени брошури, исто подредување или отсекување и подредување на листовите со целосен приказ во боја.

Користете ја функцијата „What You See Is What You Get" (Погледнете што ќе добиете) на PRISMAprepare Go што нуди приказ на документите и листовите заради минимизирање на грешките преку проверка на прилагодувањата за форматирање на страниците за печатење, во реално време на екранот.

## Пратете

PRISMAprepare Go е единствена точка на испраќање кон вашите вмрежени машини за производствено печатење. Ги поддржува повеќето печатачи за производствено печатење со PRISMAsync, Fiery или контролорите DFE од Canon, како и стандардните уреди за производствено печатење што поддржуваат JDF.

Подготвувајте задачи врз основа на достапните уреди за завршна обработка. Испраќајте ги задачите директно кон PRISMAsync DocBoxes заради лесно повторно печатење и брзи промени во последната минута. Заради уште поголема практичност, PRISMAsync Remote Manager може да се користи и на работните станици PRISMAprepare Go - сè што ќе ви биде потребно е веб-пребарувач за да можете да избирате дали ќе користите PRISMAprepare Go или PRISMAsync Remote Manager.

PRISMA

Canon